Tigo.mk

# ТАРИФА
## за кредит на повеќе месечни рати “ТИГО” на ФД ТИГО ФАЈНАНС ДОО Скопје

| | |
|---|---|
| Расположлив износ | од 500 МКД до 720.000 МКД |
| Рок на кредит | од 3 до 72 месечни рати |
| Договорна каматна стапка (се пресметува од износот на преостаната главница) | 12% фиксна годишна каматна стапка (1% месечна) |
| Провизија за администрирање (се пресметува од износот на преостаната главница) | -2.80% за период од 1 до 3 месеци<br>-2.90% за период од 4 до 23 месеци<br>-2.50% за период од 24 до 35 месеци<br>-1.20% за период од 36 до 47 месеци<br>-1.10% за период од 48 до 59 месеци<br>-1.00% за период од 60 до 72 месеци |
| Провизија за неисполнување на договорните обврски | 0,45% дневно од неплатен остаток од главницата |
| Провизија за предвремена отплата | 0,5% од износот на предвреме отплатениот кредит доколку предвремената отплата се случи во период не подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит, односно 1% од износот на предвреме отплатениот кредит доколку предвремената отплата се случи во период подолг од една година од рокот на траење на договорот за кредит |
| Провизија за приоритетен трансфер на пари на трансакциска сметка | 100 МКД |
| Провизија за потврда за состојба на кредит (која не претставува Амортизационен план) | 500 МКД |
| Провизија за потврда за отплата | 300 МКД |

1. Со оваа тарифа Кредиторот ги утврдува провизиите и трошоците за кредитот во моментот на одобрување на кредитот.
2. Во случај Корисникот на кредит да одбере дополнителна услуга Провизија за исплата во готовина во подружница и истата ја додаде на износот на главницата на кредитот, Провизијата за администрирање и договорната каматна стапка се пресметуваат на зголемениот износ на главница која го вклучува износот на Провизијата за исплата во готовина во подружница.
3. Максималниот износ на кредит може да го надмине износот од 720.000 МКД, во случај Корисникот на кредит да одбере дополнителна услуга Провизија за исплата во готовина во подружница и истата ја додаде на износот на главницата на кредитот. Зголемениот износ на главница која го вклучува износот на Провизијата за исплата во готовина во подружница не може да надмине 780.000 МКД

# ТАРИФА
## за дополнителни услуги за кредит на повеќе месечни рати “ТИГО” на ФД ТИГО ФАЈНАНС ДОО Скопје

| | |
|---|---|
| Провизија за експрес опција (се пресметува од износот на главницата) | - 20% за кредит со рок на отплата од 1 до 6 месечни рати<br>- 30% за кредит со рок на отплата од 7 до 72 месечни рати<br>*се вклучува во ратите на кредитот<br>*доспева за наплата веднаш по склучување на договорот за кредит |
| Провизија за исплата во готово во филијала | 7% од износот на главницата *доспева за наплата веднаш по склучување на договорот за кредит |
| Провизија за продолжување на рокот за отплата за 30 дена | 30 дена – 35% од износот на месечната отплата која се продолжува |

1. Со оваа тарифа Кредиторот ги утврдува провизиите и трошоците за користење на незадолжителни дополнителни услуги по барање на Корисникот.
2. Со Експрес опцијата се добиваат следниве поволности:
   - експресна обработка и процесирање на кредитот;
   - приоритетен трансфер на средства на банкарска платежна сметка;
   - исплата на кредитот на банкарска платежна сметка за 24 часа или најдоцна следниот работен ден;
   - 0% провизија за предвремена отплата на кредитот;
   - бесплатна потврда за состојба на кредит;
   - бесплатна потврда за отплатен кредит.

*За дополнително исплатен износ на кредит во рамките на веќе одобрен и склучен договор за потрошувачки кредит, Кредиторот ги пресметува и има право да ги наплати истите трошоци и провизии како и за првично исплатениот износ за кредит, во согласност со тарифата која била на сила на денот на склучување на договорот за потрошувачки кредит. Хронолошки приказ на Тарифите на Кредиторот е достапен на веб страната на Кредиторот.
**Надоместоците кои ги пресметува Кредиторот и влегуваат во стапката на вкупни трошоци (СВТ) се: (1) договорната камата и (2) провизијата за администрирање. Провизиите за дополнителни услуги предвидени во оваа Тарифа не влегуваат во стапката на вкупни трошоци и самостојно или во комбинација со било кои надоместоци кој не влегуваат во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци, не може да надминат 60% од износот на одобрениот кредит.

Трговскиот бренд "Tigo.mk" е во сопственост на Финансиско друштво Тиго Фајнанс ДОО Скопје. Работењето на ФД Тиго Фајнанс е регулирано согласно „Законот за финансиските друштва" и е одобрено од страна на Министерството за финансии со Решение бр.13-6093/4.